РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-135/1
31.01.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИ ЗА 2022 ГОДИНА

Валандово, јануари 2023

**Службеник за млади во Општина Валандово:** Владимир Лазов

**Период на известување:** 01.01.2022 – 31.12.2022

## 1. Вовед

Согласно член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10.2020 од 16.10.2020 година) и согласно член 43-е став 2 од Статутот на Општина Валандово, службеникот за млади на Општина Валандово изготвува годишен извештај за работата на Општина Валандово во делокругот на млади за 2022 година.

## 2. Законски обврски

Со донесувањето на сила на Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП), се наметна потребата за превземање и на некои обврски од истиот, како на национално така и на локално ниво.

Превземени и реализирани законски обврски од Општина Валандово:

- Изработка на Програма од областа на спортот и младите за 2023 година.

За следната година планирани се реализирања на други законски обврски, во зависност од можностите, како што се создавање услови за формирање на канцеларија за млади, младински центар и донесување на локална стратегија за млади.

## 3. Организации

На територијата на општина Валандово се активни над 20 невладини организации кои работат во делокругот на младите, за кои се води посебен регистар, а некои од нив по потреба се поддржувани и финансиски помагани од Општина Валандово во тековната година по претходно објавен јавен повик за нивни програмски активности.

## 4. Активности за млади на ЕЛС Валандово

Општина Валандово, како институција и градоначалникот како раководно лице на општина Валандово, се иницијатори и учествуваат во повеќе активности кои се однесуваат на тема млади, во кои се јавуваат како организатори, партнери, поддржувачи и како поканети учесници. За сите активности се води посебен регистар (Прилог 1), во кои се евидентираат назив, дата, место и време на активноста.

Во текот на 2022 година се одржаа повеќе од 65 евидентирани официјални активности поврзани со млади како што се, официјални настани, јавни дискусии, извршени увиди во инвестиции поврзани со млади, состаноци, информативни сесии и друг вид на активности од кои беа дел и претставници на Општина Валандово.

Меѓу позначајните настани кои се случија, во организација т.е. на кои беа учесници претставници, на ЕЛС Валандово се посетата на младите лидери од САД во Валандово, настаните за прекугранична соработка помеѓу млади од Северна Македонија и Грција, вклучувајќи и младинска размена, еко акциите, многуте културни настани каде главни учесници беа млади и др.

Други позначајни активности кои беа реализирани се учествата на многу работилници, панел дискусии и настани каде во фокус беа младите, а во организација на државни институции и истакнати НВО.

Во општина Валандово се одржаа повеќе културно-уметнички настани, а најзначаен е годишниот концерт на КУД „Гоце Делчев" Валандово, на кој настапуваат комплетно млади учесници, кој беше со хуманитарна цел. Исто така и настанот „Божиќна ноќ" во Валандово каде што на одржаниот концерт сите изведувачи беа млади лица од Валандово и регионот.

## 5. Податоци од други институции поврзани со млади

Покрај другите надлежности согласно Закон за локална самоуправа со стапувањето на децентрализацијата од 2005 година Општина Валандово ја има надлежноста во образованието и труд и социјална политика.

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**Податоци за Општина Валандово од областа на образованието**

Во општина Валандово има две основни и едно средно училиште и тоа:

- **ООУ „Јосип Броз Тито" – Валандово** (1 централно и 6 подрачни училишта)
  Вкупно запишани ученици во учебната 2022/2023 година има 632 ученици (319 машки и 313 женски), во 34 паралелки.
- **ООУ „Страшо Пинџур" – Валандово** (1 централно и 4 подрачни училишта)
  Вкупно запишани ученици во учебната 2022/2023 година има 293 ученици (151 машки и 142 женски), во 21 паралелки.
- **СОУ „Гоце Делчев" – Валандово**
  Вкупно запишани ученици во учебната 2022/2023 година има 192 ученици (110 машки и 82 женски), во 16 паралелки.

**Податоци за Општина Валандово од областа на труд и социјална политика (детска заштита и згрижување)**

На територијата на општина Валандово опстојува една институција за згрижување и воспитување на деца која се наоѓа во градот Валандово. Во склоп на детската градинка „Калинка" работат и објекти - клонови во населените места Пирава, Јосифово, Удово и Брајковци.

- **ЈОУДГ „Калинка" – Валандово** (1 централна градинка и 4 подрачни објекти – клонови)
  Вкупно запишани деца кои се згрижуваат во 2022/2023 одина има 255 деца во 14 паралелки.

**Податоци за Општина Валандово од Агенцијата за вработување на РСМ**

Од вкупно 802 евидентирани невработени лица, до крајот на декември 2022 година, граѓани на општина Валандово во базата на АВРСМ се евидентирани вкупно 121 млади лица до 29 години од кои 50 се од машки, а 71 се од женски пол. Според тоа, процентот на младинска невработеност во општина Валандово изнесува 15%.

Службеник за млади
во Општина Валандово

## ПРИЛОГ 1

| Реден број | Име на активност | Дата | Време | Место на одржување | Вид на активност | Организатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна помош за запишување на прваче во учебната 2021/2022 година | 03.01.2022 - 31.01.2022 | | ЕЛС Валандово и мЗаедница | Субвенција | ЕЛС Валандово |
| 2 | Божиќен хуманитарен концерт „Взаемно топлиме срца“ | 07.01.2022 | 19:00 ч. | Плоштад Валандово | Настан | ЕЛС Валандово и учесници |
| 3 | Одбележување на Денот на образованието | 24.01.2022 | 12:00 ч. | ООУ „Јосип Броз Тито“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 4 | Увид во градежни активности на новата детска градинка во Јосифово | 01.02.2022 | 10:00 ч. | Јосифово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 5 | Средба на градоначалникот со учесници од Erasmus+ проект за мобилност ECHO - Earth Climate Heritage Obtaining | 01.02.2022 | 12:30 ч. | ЕЛС Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 6 | Промоција на мерката за исплата на парични средства за запишени првачиња во основните општински училишта | 10.02.2022 | | Онлајн и ПОУ „Страшо Пинџур“ - Удово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 7 | Одбележување на 28 Февруари - Меѓународниот ден на ретките болести | 28.02.2022 | 10:00 ч. | Школско игралиште при ООу „Јосип Броз Тито“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 8 | Работна состанок со со вицепремиерот за европски прашања Бојан Маричиќ и презентриање на соработката н младите од Северна Македонија и Грција | 04.03.2022 | 11:00 ч. | ЕЛС Валандово | Работен состанок | ЕЛС Валандово |
| 9 | Посета на ЈОУДГ „Калинка“ од страна на градоначалникот на општина Валандово, Перо Костадинов, и вицепремиерот за европски прашања Бојан Маричиќ | 04.03.2022 | 12:00 ч. | ЈОУДГ „Калинка“ - Валандово | Увид | ЕЛС Валандово |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Средба на градоначалникот со учесници од Erasmus+ проект за мобилност Let it sound till everybody notice | 10.03.2022 | 11:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 11 | Одржување на изборно собрание на Извиднички одред „Младост“ - Валандово | 14.03.2022 | 18:00 - 19:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | ИО „Младост“ - Валандово |
| 12 | Регионална работна средба на тема: "Унапредување на средното стручно образование" со Министерот за образование и наука Јетон Шаќири, претставници на стопанските комори, средните стручни училишта од регионот, како и претставници на регионалниот бизнис сектор | 15.03.2022 | 13:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | Министерство за образование и наука |
| 13 | Работна средба за процесот на младинска соработка со Грција помеѓу Општина Валандово, Младински Сојуз Крушево, претставници од невладиниот сектор, локалниот бизнис, партиските подмладоци и институциите | 18.03.2022 | 09:00 - 11:00 ч. | ЕЛС Валандово | Работен состанок | Младински Сојуз - Крушево |
| 14 | Настан „Убави сме - свои сме“ за поддршка и помош на лица со даунов синдром | 20.03.2022 | 18:00 ч. | Струмица | Настан | Здружение за поддршка и помош на лица со даунов синдром „ВЕРА“ |
| 15 | Работна посета на претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, во Валандово, заедно со градоначалникот Перо Костадинов и младиот иноватор Марио Томов | 29.03.2022 | 15:00 ч. | Валандово | Настан | Кабинет на претседателот на Република Северна Македонија |
| 16 | Средба на градоначалникот со учесници од средното училиште од Свилајнац, Србија преку RYCO проект New faces to old places - Нови лица на стари места | 04.04.2022 | 11:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 17 | Увид во градежни активности за реконструкција на фудбалското игралиште во Пирава | 06.04.2022 | 10:00 ч. | Пирава | Увид | ЕЛС Валандово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Одбележување на 6 април - Меѓународен ден на спортот | 06.04.2022 | 11:30 - 13:00 ч. | Спортска сала „Филип Втори“ - Валандово | Настан | ООУ „Јосип Броз Тито“ - Валандово |
| 19 | Работна посета на Амбасадорката на Швајцарија, Н.Е. Вероник Улман Марти, во Валандово | 13.04.2022 | 09:30 - 12:00 ч. | ООУ „Јосип Броз Тито“ - Валандово | Увид | ЕЛС Валандово |
| 20 | Панел дискусија „Младите луѓе - двигател на општеството“ | 13.04.2022 | 18:00 - 20:00 ч. | Скопје | Настан | Либерален институт Скопје |
| 21 | Форум за вмрежување 'Thessaloniki Reunion' 2022 | 15 - 17.04.2022 | | Солун | Настан | Cooperation for a Common Future |
| 22 | Потпишување на договор за изградба на инклузивно игралиште во Валандово помеѓу Општина Валандово, Амбасадата на СР Германија и Здружение ИСЧЕКОР - ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ - Валандово | 20.04.2022 | | Скопје | Настан | Амбасада на СР Германија |
| 23 | Меморандум за соработка помеѓу Општина Валандово и Универзитет за туризам и менаџмент | 21.04.2022 | 12:00 ч. | ЕЛС Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 24 | Меморандум за соработка помеѓу Општина Валандово и Man and Mountain за одржување на еко акција „Генералка Викенд“ во Валандово | 27.04.2022 | 12:00 ч. | ЕЛС Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 25 | Online меѓународен настан по повод 22 април -Денот на планетата Земја | 27.04.2022 | 12:00 - 12:30 ч. | Online | Настан | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 26 | Еко акција „Генералка викенд“ | 06.05.2022 | 10:00 - 12:00 ч. | Валандово и Удово | Еко акција | ЕЛС Валандово |
| 27 | Филмска проекција на филм 'Let there be light' | 09.05.2022 | 20:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Филмска проекција | Europe House Strumica |
| 28 | Увид во градежни активности на фудбалското игралиште во Пирава | 12.05.2022 | 10:00 ч. | Пирава | Увид | ЕЛС Валандово |
| 29 | Еко кција за селектирање на отпад | 18.05.2022 | 10:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | Еко акција | ЈП „Комунален сервис“ Валандово |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО • ВАЛАНДОВО •

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Одбележување на Денот на македонските пожарникари со ученици од ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово | 20.05.2022 | 10:00 ч. | ТППЕ Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 31 | Учество на настан - Отворен ден на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | 26.05.2022 | 10:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | Настан | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 32 | Инфо ден во Валандово за младински глобален предизвик 'Generation Unlimited' | 08.06.2022 | 10:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | Настан | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 33 | Учество на настан по повод крај на учебната година | 09.06.2022 | 10:00 ч. | Општински училишта | Настан | Општински училишта |
| 34 | Настан Европско патувачко кино под отворено небо во Валандово | 13.06.2022 | 20:00 ч. | Парк „Пеонија“ Валандово | Филмска проекција | Europe House Skopje |
| 35 | Настан Европско патувачко кино под отворено небо во Валандово | 14.06.2022 | 20:00 ч. | Парк „Пеонија“ Валандово | Филмска проекција | Europe House Skopje |
| 36 | Прием на учесници од меѓународната ликовна колонија „Валандово 2022“ | 04.07.2022 | 10:00 ч. | ЕЛС Валандово | Прием | ЕЛС Валандово |
| 37 | Прием на ученици на генерацијата од основните општински училишта во Валандово | 11.07.2022 | 10:00 ч. | ЕЛС Валандово | Прием | ЕЛС Валандово |
| 38 | Отворено кино во Валандово | 15.07.2022 | 18:30 ч. | Парк „Пеонија“ Валандово | Филмска проекција | American Pop Up Corner Skopje |
| 39 | Повик за еднократна парична помош за прваче | 20.07.2022 | 08:00 ч. | ЕЛС Валандово | Повик | ЕЛС Валандово |
| 40 | Промоција онлајн апликација за еднократна парична помош за прваче | 27.07.2022 | 08:00 ч. | ЕЛС Валандово | Повик | ЕЛС Валандово |
| 41 | Промоција на повик за младинска размена во Валандово како дел од прекуграничната соработка на млади од Северна Македонија и Грција | 03.08.2022 | 08:00 ч. | Онлајн | Повик | Cooperation for a Common Future |
| 42 | Прием на првенец на генерацијата при СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | 17.08.2022 | 10:00 ч. | ЕЛС Валандово | Прием | ЕЛС Валандово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43 | Младинска размена во Валандово со учесници од Северна Македонија и Грција преку Ersamus+ програмите | 29.08 - 04.09.2022 | | Валандово | Младинска размена | Cooperation for a Common Future |
| 44 | Прием на млади лидери од САД во Општина валандово | 31.08.2022 | 10:00 ч. | ЕЛС Валандово | Прием | ЕЛС Валандово |
| 45 | Настан за запознавање на младите лидери од САД со убавините на Валандово | 31.08.2022 | 12:00 ч. | Излетничко место „Извор“ Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 46 | Посета на учесниците од младинската размена за прекугранична соработка | 02.09.2022 | 10:00 ч. | Инфо поинт „Спојувалка“ Валандово | Посета | ЕЛС Валандово |
| 47 | Ученици од СОУ „Гоце Делчев“ Валандово во посета на збратимената општина Трбовље, Словенија | 07.09.2022 | | Трбовље, Словенија | Посета | Соработка Валандово - Трбовље |
| 48 | Настан по повод Европската недела на спортот во Валандово | 21.09.2022 | 10:00 ч. | Валандово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 49 | Состанок преку иницијативата „Младите во фокусот“ во соработка со собранискиот Клуб на млади пратеници | 03.10.2022 | 10:00 ч. | ЕЛС Валандово | Состанок | Клуб на млади пратеници, ИДУЕП, Евро-Атлантски совет, фондација ДЛДП Данска, ЛИС и др. |
| 50 | Работилница во рамки на Проектот „Градење на отпорност кон дезинформациските практики" кој го спроведува Евро-Атлантскиот Совет, со поддршка на НАТО секторот за јавна дипломатија и ИДУЕП | 03.10.2022 | 12:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Работилница | Клуб на млади пратеници, ИДУЕП, Евро-Атлантски совет, фондација ДЛДП Данска, ЛИС и др. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 51 | Прием на ученици од збратимената општина Трбовље од Словенија | 26.10.2022 | 12:00 ч. | ЕЛС Валандово | Прием | СОУ „Гоце Делчев“ - Валандово |
| 52 | Запознавање на учениците од Трбовље со иницијативата за прекугранична соработка помеѓу младите од Северна Македонија и Грција | 26.10.2022 | 13:00 ч. | Инфо поинт „Спојувалка“ Валандово | Инфо | ЕЛС Валандово |
| 53 | Велосипедска тура Валандово 2022 по повод празникот на градот | 06.11.2022 | 09:00 ч. | Општина Валандово | Настан | ЗСК Југоисток |
| 54 | Посета на изложба од ликовната колонија „Валандово 2022“ | 04.11.2022 | 10:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Посета | ЕЛС Валандово |
| 55 | Пуштање во употреба на нова детска градинка во Јосифово | 11.11.2022 | 10:00 ч. | Јосифово | Настан | ЕЛС Валандово |
| 56 | Учество на регионален форум за општини и млади од Југоисточна Европа и Централна Азија | 14 - 15.11.2022 | | Сараево | Форум | УНФПА Северна Македонија |
| 57 | Учество на настан „Убави сме, свои сме“ за поддршка на лицата со попреченост | 03.12.2022 | 19:00 ч. | Струмица | Настан | Здружение за помош и поддршка на лица со Даунов синдром „ВЕРА“ |
| 58 | Посета и запознавање со наставата од средно стручно образование во Валандово | 13.12.2022 | 10:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев“ Валандово | Посета | ЕЛС Валандово |
| 59 | Хуманитарен настан „Валандовчани за Валандово“ | 18.12.2022 | 19:00 ч. | ЈУ Дом на културата „25 мај“ - Валандово | Настан | КУД „Гоце Делчев“ Валандово |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 60 | Учество на панел дискусија за подобар младински стандард | 21.12.2022 | | Скопје | Настан | Институт за добро управување и евро - атлантски перспективи (ИДУЕП) и Фондација Friedrich Naumann |
| 61 | Учество на предновогодишен настан на ЈОУДГ „Калинка" Валандово, објект „Детелинка" Јосифово | 23.12.2022 | 10:00 ч. | ДГ клон „Детелинка" Јосифово | Настан | ДГ клон „Детелинка" Јосифово |
| 62 | Учество на предновогодишен настан на ЈОУДГ „Калинка" Валандово | 27.12.2022 | 10:00 ч. | ЈОУДГ „Калинка" - Валандово | Настан | ЈОУДГ „Калинка" Валандово |
| 63 | Учество на предновогодишен настан на учениците од ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово | 29.12.2022 | 10:00 ч. | ООУ „Јосип Броз Тито" - Валандово | Настан | ООУ „Јосип Броз Тито" - Валандово |
| 64 | Учество на предновогодишен настан на учениците од ПОУ „Гоце Делчев" Пирава | 29.12.2022 | 11:00 ч. | ПОУ „Гоце Делчев" Пирава | Настан | ПОУ „Гоце Делчев" Пирава |
| 65 | Учество на предновогодишен настан на учениците од СОУ „Гоце Делчев" Валандово | 30.12.2022 | 09:00 ч. | СОУ „Гоце Делчев" Валандово | Настан | СОУ „Гоце Делчев" - Валандово |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО